ОПШТИНА БИТОЛА

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е
## кон Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2019 година

Буџетот на Општина Битола заедно со Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола беа усвоени на седницата на Советот на Општина Битола број 27 одржана на ден 27.12.2018 година.

Во текот на 2019 година во Буџетот на Општина Битола беа донесени:
Одлука за проширување на Буџетот на Општина Битола за 2019 година и тоа на 32-та седница одржана на ден 23.04.2019 година, во делот на приходите и расходите за на Кредитот од Светка банка за инфраструктурни зафати во АРМ четврт 1 и 2, измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2019 година согласно измените на вредноста на бодот објавени во Службен весник број 4/19 донесена на ден 29.01.2019 година , измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2019 година донесена на ден 23.04.2019 година за измена во членот 24а за зголемување на средствата за рефундирање на трошоците за превоз на ученици, прва Измена и дополнување на Буџетот на Општина Битола за 2019 година на 35-тата седница на Советот на Општина Битола одржана на ден 19.06.2019 година, Одлука за пренамена на средства во Буџетот на Општина Битола донесена на 37-та седница на Светот на Општина Битола на ден 31.07.2019 година согласно Измените и дополнувањата на програмата за уредување на градежно земјиште и Измените и дополнувањата на програмата за образование, Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Битола донесена на 39-тата седница на ден 29.08.2019 година од страна на Советот на Општина Битола во делот на Донации добиени од Обединетите нации во соработка со Агенцијата за вработување и Општина Битола за реализација на два проекти "Креирање на можности за работа на сите- Главна фаза" и "Креирање на можности за работа на сите- IV" и донации добиени кај основните училишта ОУ Тодор Ангелевски, ОУ Александар Турунџевс. Кукуречани, ОУ Елпида Караманди- Битола ,Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Битола донесена на седницата на Советот на Општина Битола број 39 одржана на ден 29.08.2019 година согласно Измените и дополнувањата на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2019 година и Развојната програма на Општина Битола за 2019 година, Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Битола донесена на седницата на Советот на Општина Битола број 40 одржана на ден 19.09.2019 година согласно Измените и дополнувањата на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2019 година и Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола заради промена на бодот на останатите вработени во општинската администрација за 5% и вработените во ТППЕ за 5%.

## ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ
## ПРИХОДИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола, вкупниот Буџет на Општина Битола во приходниот дел се зголемува за 82.701.838,00 денари. Вкупниот износ од 1.956.035.504,00 денари се менува и гласи 2.038.737.342,00 денари.

Основниот Буџет се зголемува износот за 28.677.660,00 денари,приходите од Самофинансирачки активности на буџетските корисници се намалуваат за 466.500,00 денари по нивно барање, приходите во Дотации се зголемуваат за 8.459.886,00 денари за остатокот од пренесениот вишок на приходи кај буџетските корисници за износ од 5.550.080,00 денари и дополнително добиени средства за Дотации од соодветните министерства со ребалансот на буџетот на Р.М кај корисниците од програмата Н2-Средно образование за 1.600.000,00 денари,709.806,00 денари кај корисниците од програмата К3- Зоолошка градина, и 600.000,00 денари кај корисниците од програмата В1- Детски градинки , приходите од Донации се зголемуваат за 16.076.234,00 денари за планираните донации на Општина Битола и буџетските корисници од програмите Н1- Основн образование, Н2-Средно образование и В1- Детски градинки, и Приходите од кредитите исто така се зголемуваат за 29.954.558,00 денари.

Планирани извори на приходи од кои ќе се финансираат расходите на Општина Битола во Буџетот за 2019 година се од :

1. ***Даночни приходи***
2. ***Неданочни приходи***
3. ***Капитални приходи***
4. ***Трансфери и донации***
5. ***Домашно задолжување***

Приходите на Буџетот на општината за 2019 година се планирани согласно законските рамки и досегашниот тренд на наплата од изворните приходи и дотациите од Буџетот на Република Северна Македонија.

Зголемувањето на приходите во основниот Буџет на Општина Битола е во висина од 28.677.660,00 денари. Во најголем дел зголемувањето од 28.097.458,00 денари е кај **Трансферите и донациите** за средствата кои Општина Битола ги доби од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој за Изградба и проширување на локален пат во с. Маловиште во износ од 19.983.081,00 денари, за Уредување на излетничко место во с. Лопатица средства во износ од 5.288.098,00 денари,средства добиени од Министерство за животна средина и просторно планирање за изработка на проект за водоводна инфраструктура и водоснабдителен систем во село Лисолај во износ од 1.500.000,00 денари,средства добиени од Министерство за Култура како подршка за реализација на културни настани на БИТ ФЕСТ во износ од 750.000,00 денари,средства од Министерството за Култура за ентериерно уредување на објект Кино Манаки- Битола во износ од 8.637.607,00 денари,средства добиени од Декада на роми за реконструкција на дел од улица Љубојно во износ од 2.279.847,00 денари,средства добиени од Министерство за локална самоуправа за реализирање на локални акциски планови за Роми во износ од 186.712,00 денари, средства од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој за Изградба на настрешници во функција на објект во пазарот во износ од 5.993.808,00 денари, секако останувaaт и средствата во висина од 2.218.984,00 денари доделени од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој за изработка на урбанистички планови за с. Долно Оризари, с.Нижо поле и с.Дихово за кои средства имаме анекс за продолжување на рокот на користење на средствата до крајот на 2019 година, во делот на трансферите и донациите имаме намалување само во делот на пренесениот вишок на приходи за 12.957.348,00 денари.Зголемување на трансферите и донациите имаме и во сметките за Самофинансирачки активности за 1.031.000,00 денари,Дотациите за 8.459.886,00 денари и Донациите за износ од 16.076.234,00 денари.

Намалување имаме кај **Даночните приходи** со помал процент на реализација за 1.308.000,00 денари, и **Капиталните приходи** за 21.204.710,00 денари во најголем дел кај надоместокот за утврдување на бесправно изградени објекти. Зголемување на приходите имаме кај **Неданочните приходи** за 21.595.412,00 денари кој имаат поголем процент на реализација во најголем дел кај ставките други неданочни приходи, закупнини и приходи од тендери.

| | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 381.054.462,00 | **379.746.462,00** |
| Неданочни приходи | 221.008.288,00 | **242.603.700,00** |
| Капитални приходи | 54.254.710,00 | **33.050.000,00** |
| Трансфери и донации | 1.205.410.602,00 | **1.259.075.180,00** |
| Домашно задолжување | 94.307.442,00 | **124.262.000,00** |
| **Вкупно**: | 1.956.035.504,00 | **2.038.737.342,00** |

***а) Даночни приходи***

Даночните приходи во 2019 година планирани во износ од 381.054.462,00 денари, со измените и дополнувањата се намалуваат за 1.308.000,00 денари и гласат 379.746.462,00 денари.

| | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|
| Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 21.515.000,00 | **24.525.000,00** |
| Даноци од имот | 157.400.000,00 | **131.200.000,00** |
| Даноци од специфични услуги | 170.220.000,00 | **187.502.000,00** |
| Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 31.919.462,00 | **36.519.462,00** |
| **Вкупно**: | 381.054.462,00 | **379.746.462,00** |

***б) Неданочни приходи***

Структурата на неданочните приходи за 2019 година во вкупниот Буџет на Општина Битола беше планирана со вкупен износ од 221.008.288,00 денари се менува и гласи 242.603.700,00 денари.

| | | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|---|
| **722** | Глоби, судски и административни такси | 3.802.000,00 | **3.110.000,00** |
| **723** | Такси и надоместоци | 113.682.500,00 | **112.713.500,00** |
| **724** | Други владини услуги | | **100.000,00** |
| **725** | Други неданочни приходи | 103.523.788,00 | **126.680.200,00** |
| | **Вкупно:** | 221.008.288,00 | **242.603.700,00** |

Во колоната Основен Буџет неданочните приходи имаат поголем процент на реализација од планираниот износ . Во колоната Самофинансирачки активности буџетските корисници ги намалуваат приходите од останати неданочни приходи за реализација на активностите до крајот на годината.

***в) Капитални приходи***

| | | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|---|
| **733** | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 54.254.710,00 | **33.050.000,00** |
| | **Вкупно**: | 54.254.710,00 | **33.050.000,00** |

Ставката приходи од продажба на земјиште и нематеријални вложувања за 2019 година се намалува за 21.204.710,00 денари заради помал процент на реализација на приходите од оваа категорија.

***г) Трансфери и донации***

Учеството на трансферите од други нивоа на власт и донациите од странство во вкупниот Буџет на Општината за 2019 година се застапени со следните износи:

| | | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|---|
| **741** | Трансфери од други нивоа на власт | 1.108.013.530,00 | **1.145.601.874,00** |
| **742** | Донации од странство | 80.056.311,00 | **103.031.849,00** |
| **744** | Тековни донации | 17.340.761,00 | **10.441.457,00** |
| | **Вкупно**: | 1.205.410.602,00 | **1.259.075.180,00** |

Во делот на Трансфери од други нивоа на власт доминираат дотациите од Буџетот на Република Северна Македонија за остварување на надлежностите во основното образование средно образование, социјална и детската заштита истите се зголемуваат за 8.459.886,00 денари, за средствата од пренесениот вишок на приходи кај корисниците зоолошка градина, основни училишта, средни училишта, и старски дом и дополнително доделените средства кај корисниците од програмата Н2- Средно образование 1.600.000,00 денари, К3- Музејска и кинотечна дејност 709.806,00 денари и В1- Детски градинки со зголемена дотација за 600.000,00 денари. Планираниот износ од 735.906.667,00 денари се менува и гласи 744.366.553,00 денари.

Донациите од странство и тековните донации се планирани донации кај буџетските корисници од програмата Еразмус плус, Фондот за иновации и технолошки развој, проектот Бастион во соработка со МОН , проектот на Општина Битола за Реконструкција на Офицерски дом, Грант за успешно спроведен проект за АРМ четврт 1 и 2 ( за изградба на улици во с. Долно Оризари, и купување на трактор за ЈП Комуналец), проектите на Општина Битола: Бенефит, Кинокултура, Зелена интер мобилност, Донации за изградба на локален пат во с.Лавци, резервоар и водоводна мрежа во с. Лавци Планираниот износ од 97.397.072,00 денари се менува и гласи 113.473.306,00 денари. Зголемувањето во делот на колоната Донации е за 16.076.234,00 денари.

***д) Домашно задолжување***

Средствата од домашно задолжување се зголемуваат за доделен Заем за набавка на четири автобуси за транспорт на ученици во Општина Битола . Доделени се средства со Под-заем од Проект за подобрување на општински услуги во износ од 59.040.000,00 денари со рок на плаќање 2,5 години 1,5 година грејс период и Под- заем од дополнително финансирање на проект за подобрување на општинските услуги во износ од 2.460.000,00 денари со рок на отплата 10,5 години , 3 години грејс период

| | | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|---|
| **754** | Домашно задолжување | 94.307.442,00 | **124.262.000,00** |
| | **Вкупно**: | 94.307.442,00 | **124.262.000,00** |

# ПЛАНИРАНИ БУЏЕТСКИ РАСХОДИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Вкупните планирани расходи на Општина Битола за 2019 година 1.956.035.504,00 денари со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2019 година ќе изнесуваат 2.038.737.342,00 денари и со тоа се запазува буџетското правило на балансирани приходи и расходи. Истите се утврдени по одредени намени и видови согласно економската класификација.

| | | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 708.498.773,00 | **709.796.926,00** |
| **41** | Резерви и недефинирани расходи | 400.000,00 | **400.000,00** |
| **42** | Стоки и услуги | 612.643.474,00 | **653.561.705,00** |
| **45** | Каматни плаќања | 300.000,00 | **300.000,00** |
| **46** | Субвенции и трансфери | 72.349.017,00 | **81.671.707,00** |
| **47** | Социјални бенифиции | 4.250.000,00 | **4.850.000,00** |
| **48** | Капитални расходи | 541.594.240,00 | **572.157.004,00** |
| **49** | Отплата на главница | 16.000.000,00 | **16.000.000,00** |
| | **Вкупно:** | 1.956.035.504,00 | **2.038.737.342,00** |

И покрај измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2019 година и натаму учеството на капиталните расходи е големо во вкупниот буџет со 28,06% со што ќе се иницира изградбата на нова инфраструктура и ќе се подобрат јавните услуги. Во делот на расходите за стоки и услуги со измените и дополнувањата учеството во вкупниот буџет ќе биде 32,06% и со тоа се обезбедува редовно функционирање на општината и расходите за финансирање на комуналните услуги и тековното одржување на основното образование и детската заштита, старскиот дом и зоолошката градина. Платите и надоместоците на вработените во општинската администрација и локалните јавни установи учествуваат со 34,82%.Субвенциите и трансферите во најголем дел ги опфаќаат трансферите до невладините организации,спортските клубови,ќе учествуваат со 4,01%.Социјалните бенефиции ќе учествуваат со 0,24% и резервите , недефинираните расходи со 0,02%, каматните плаќања со 0,01% и отплата на главница со 0,78%.

## ТЕКОВНО- ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

Во рамките на тековно - оперативните расходи со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2019 година доминираат расходите за стоки и услуги 44,56% и плати и надоместоци 48,40 % со што се обезбедува редовна основна функција на општината и локалните јавни установи.Тековно-оперативните расходи со измените и дополнувањата на буџетот се зголемуваат за 52.139.074,00 денари.

| | | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 708.498.773,00 | **709.796.926,00** |
| **41** | Резерви и недефинирани расходи | 400.000,00 | **400.000,00** |
| **42** | Стоки и услуги | 612.643.474,00 | **653.561.705,00** |
| **45** | Каматни плаќања | 300.000,00 | **300.000,00** |
| **46** | Субвенции и трансфери | 72.349.017,00 | **81.671.707,00** |
| **47** | Социјални бенифиции | 4.250.000,00 | **4.850.000,00** |
| **49** | Отплата на главница | 16.000.000,00 | **16.000.000,00** |
| | **Вкупно** | 1.414.441.264,00 | **1.466.580.338,00** |

## Плати, наемнини и надоместоци за вработените

Платите и надоместоците кои се неопходни за функционирање на Општина Битола и локалните јавни установи со измените и дополнувањата на Буџетот се зголемуваат за 1.298.153,00 денари ,се планира да опфатат околу 34,82% од вкупно планираните расходи.

| | | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|---|
| **401** | Основни плати | 507.352.672,00 | 508.539.917,00 |
| **402** | Придонеси за социјално осигурување од работодавачи | 191.766.101,00 | 192.286.009,00 |
| **404** | Надоместоци | 9.380.000,00 | 8.971.000,00 |
| | **Вкупно:** | **708.498.773,00** | **709.796.926,00** |

## Резерви и недефинирани расходи

| | | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|---|
| **412** | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 200.000,00 | **200.000,00** |
| **413** | Тековни резерви (разновидни расходи) | 200.000,00 | **200.000,00** |
| | **Вкупно:** | 400.000,00 | **400.000,00** |

Средствата кои се испланирани за постојаната и тековна резерва не се искористени до измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2019 година и остануваат на исто ниво.

## Стоки и услуги

Планираниот дел на Буџетот на Општината Битола кој се однесува на Стоки и услуги се зголемува со измените и дополнувањата за 40.918.231,00 денари,наменет за потребите на локалната самоуправа, основните училишта, средните училишта,зоолошката градина, старски дом, и градинките и ќе изнесува 32,06 % од вкупно планираните расходи.

| | | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|---|
| **420** | Патни и дневни расходи | 31.126.524,00 | **32.746.125,00** |
| **421** | Комунални услуги, греење,комуникации и транспорт | 234.939.466,00 | **241.624.270,00** |
| **423** | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 52.307.241,00 | **55.415.206,00** |
| **424** | Поправки и тековно одржување | 86.865.889,00 | **95.792.539,00** |
| **425** | Договорни услуги | 172.239.123,00 | **191.536.051,00** |
| **426** | Други тековни расходи | 30.517.231,00 | **32.047.514,00** |
| **427** | Привремени вработувања | 4.648.000,00 | **4.400.000,00** |
| | **Вкупно:** | 612.643.474,00 | **653.561.705,00** |

## Каматни плаќања

Средствата за Каматни плаќања остануваат на исто ниво и ќе опфаќаат 0,01 % од вкупните расходи во Буџетот.

| | | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|---|
| **452** | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 300.000,00 | **300.000,00** |
| | Вкупно: | 300.000,00 | **300.000,00** |

## Субвенции и трансфери

Планираните средства кај Субвенциите и трансферите се зголемуваат за 9.322.690,00 денари во најголем дел кај ставката 464990 -Разни трансфери за рефундирање на трошоците за превоз на учениците и за учеството или кофинансирањето на општината во проекти како купување на противпожарно возила во соработка со Центарот за развој на Пелагонискиот регион учество на општината во реализација на проектите во соработка со Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој, за субвенции во делот на програмата за Животна средина и подршка на др проекти.

| | | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|---|
| **463** | Трансфери до невладини организации | 35.100.000,00 | **37.252.452,00** |
| **464** | Разни трансфери | 35.549.017,00 | **42.269.255,00** |
| **465** | Исплата по извршни исправи | 1.700.000,00 | **2.150.000,00** |
| | **Вкупно:** | 72.349.017,00 | **81.671.707,00** |

## Социјални бенифиции

Социјалните надоместоци со измените и дополнувањата се зголемуваат за 600.000,00 денари и ќе опфаќаат 0,24 % од вкупните расходи.

| | | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|---|
| **471** | Социјални надоместоци | 4.250.000,00 | **4.850.000,00** |

## Отплата на главница

Отплата на главница останува иста со измените и дополнувањата на буџетот и ќе опфаќаат 0,78 % од вкупните расходи. Досега е исплатена втората рата од Заемот од Светска банка за инфраструктурни активности во АРМ четвр 1 и 2.

| | | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|---|
| **491** | Отплата на главница | 16.000.000,00 | **16.000.000,00** |

## КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

| | | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|---|
| **480** | Купување на опрема и машини | 23.653.512,00 | **34.600.798,00** |
| **481** | Градежни објекти | 320.000,00 | **320.000,00** |
| **482** | Други градежни објекти | 469.610.778,00 | **426.199.456,00** |
| **483** | Купување на мебел | 3.934.450,00 | **6.214.450,00** |
| **485** | Вложувања и нефинансиски средства | 17.985.500,00 | **17.100.500,00** |
| **486** | Купување на возила | 26.090.000,00 | **87.721.800,00** |
| | **Вкупно:** | 541.594.240,00 | **572.157.004,00** |

Капиталните расходи се зголемуваат за 30.562.764,00 денари и во вкупниот буџет ќе учествуваат со 28,06%.Се зголемуваат средствата за изготвување на проекти за улици, водоводи, мостови, фекална и атмосферска канализација, како и за изведба и реконструкција на улици, водовод атмосферска и фекална канализација и други објекти.

# ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПРИОРИТЕТИ УТВРДЕНИ ВО ПРОГРАМИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА

***А0-СОВЕТ НА ОПШТИНА***

Со предложените измени и дополнувањата во Основниот буџет на Општина Битола во програмата А0- Совет на Општина Битола планираниот износ од **25.281.000,00 денари** се менува и гласи **28.795.000,00 денари.** Зголемувањето во најголем дел во оваа програма се однесува на зголемување на ставката 464990- Разни трансфери за рефундирање на трошоците за превоз на учениците и за исплата на средства од комисијата за финансии и буџет по основ на социјални надоместоци за вкупен износ од 3.100.000,00 денари и ставката 485420-Акции и друг капитал за купување на акции се зголемува за 400.000,00 денари, за купување на акции во РК Еурофарм - Работник.

***А3-ПОДМИРУВАЊЕ НА ДОСПЕАНИ,А НЕПЛАТЕНИ ОБВРСКИ***

Во оваа програма вкупниот износ од **156.993.542,00 денари** останува на исто ниво .

***Д0-ГРАДОНАЧАЛНИК***

Работата на Градоначалникот на Општина Битола која се финансираше во износ од **5.535.400,00 денари** се менува и гласи **6.544.500,00 денари**, во најголем дел се зголемуваат ставките за Трансфери при пензионирање- 464940 за 504.100,00 денари и ставката 464990- Други трансфери за исплата по решенија за смрт на член на вработен и член на потесно семејство, боледување подолго од 6 месеци за 200.000,00 денари и др.

***Е0-ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА***

Со предложените измени во програмата Е0- Општинска администрација планираниот износ од **143.526.400,00 денари се менува и гласи 144.637.400,00 денари.**

Зголемувањето е во износ од **1.111.000,00 денари**, а се однесува на измени во ставките за патувања во земјата и странство,горива и масла, регистрација на моторни возила, материјали за АОП, ситен инвентар, семинари и конференции,објавување на огласи,плаќања по судски решенија и трошоци по извршни исправи.

***Д1-МЕСНА САМОУПРАВА***

Средствата кои се предвидени во оваа програма се наменети за тековно одржување на месните заедници со преложените измени се зголемуваат за 100.000,00 денари . Износот од **1.700.000,00 денари се менува и гласи 1.800.000,00 денари.**

***ЕА-КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА***

Со измените и дополнувањата,средствата во оваа програма се зголемуваат за **750.000,00 денари** или од планираните **24.290.000,00 денари износот се менува и гласи 25.040.000,00 денари.** Зголемувањето се однесува на купување на опрема,камера,дрон,табли за училиштата,печки за училиштата и друга опрема.

Во рамките на програмата ЕА- Капитални трошоци на општината во делот на Донации планираните средства од **2.500.000,00 денари се зголемуваат на 3.831.800,00 денари** од Грантот за успешност за реализација на проектот од Заемот за инфраструктура во АРМ 1 и 2,оваа програма планирана е ставка за купување на трактор за потребите на ЈП Комуналец - Битола.

Во програмата ЕА- Капитални трошоци на општината во делот на Заеми предвидени се средства за набавка на четири автобуси за транспорт на ученици во Општина Битола Доделените средства со од Под-заем од Проект за подобрување на општински услуги и се планирани во вкупен износ од **61.500.000,00 денари**.

### *Ф1-УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ*

Во буџетот на Општина Битола планираните средства во делот на урбанистичкото планирање и уредување на просторот во износ од **3.000.000,00 денари,** со измените и дополнувањата во Буџетот на општината остануваат на исто ниво.

### *Г10-ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ*

Расходите од оваа потпрограма се наменети за партиципација на општината во проекти , партиципација на општината во центарот за рамномерен регионален развој за тековно работење подршка на проекти кофинансирање на општината и подршка на други проекти. Вкупниот износ од **15.953.006,00 денари, се менува и гласи 16.772.996,00 денари** со преложените измени и дополнувања на Буџетот на општината за 2019 година**. Зголемувањето е за 819.990,00 денари**.
Во рамките на оваа програма во колона **Донации** средствата планирани за реализација на проектите "Креирање на можности за сите"- IV и главна фаза остануваат на исто ниво.

### *Г20-ПОТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ*

Со измените предложени во Буџетот на општината за 2019 година средствата наменети во оваа програма во износ од **1.580.000,00 денари остануваат исти.**

### *ГД-ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ*

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со подобрување и унапредување на енергетската ефикасност на локално ниво.
За подготвување на проекти и реконструкција на капацитети во енергетиката планираните средства остануваат на исто ниво со планиран износ од **5.378.730,00 денари**.
Во колоната Донации во оваа програма планираните средства за проектот Бенефит се зголемуваат и планираниот износ од **12.470.479,00 денари се менува и гласи 23.654.349,00 денари**.

### *Ј3- ЈАВНО ОСВЕТЛЕНИЕ*

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување и функционирање на системите за јавно осветлување во општината.
За јавното осветление во општина Битола, планираните средства во висина од **51.539.163,00 денари се зголемуваат на 52.160.170,00 денари.**

### *Ј4- ЈАВНА ЧИСТОТА*

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување на јавната чистота во општината, односно собирање и транспортирање на комунален отпад и одржување на местата за селективно собирање на отпад од страна на ЈП Комуналец - Битола.
Програмата се зголемува како резултат на поголемата наплата на надоместокот за јавна чистота од страна на ЈП Комуналец- Битола и износот од **15.000.000,00 денари се менува и гласи 19.500.000,00 денари.**

### *Ј6- ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА,УЛИЦИ,И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ*

Програмата за одржување и заштита на локалните улици и патишта и регулирање на режимот на сообраќај со измените и дополнувањата на Буџетот на општина Битола за 2019 година се зголемува за износ од 830.903,00 денари заради зголемување на количините на ризла, сол и ладна асфалтна маса за зимската служба и се планира да се реализира до крајот на годината со средства во висина од **23.807.438,00 денари.**

### *Ј7- ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО*

Програмата за одржување и користење на паркови и зеленило се зголемува за **4.000.000,00 денари** се планира да се финансира со средства во висина од **17.000.000,00 денари** до крајот на годината .

### *Ј8- ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ*

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи за дезинсекција, дератизација, ерадикација, отстранување на хаварисани возила и други расходи.

Планираните средства за дезинфекција, деритизација, дезинсекција во износ од **1.700.000,00 денари** останувaа на исто ниво.

### *ЈА- ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛЕНИЕ*

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со набавка, реконструкција и поставување на нови системи за јавно осветлување. Со измените и дополнувањата на буџетот на општината за 2019 година оваа програма се намалува за 7.060.940,00 денари.

Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **3.187.850,00 денари.**

### *ЈД- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА*

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба и реконструкција на локални патишта и улици,подготвување на проекти за улици и патишта како и надомест за одземен имот.

Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **126.622.462,00 денари,** со зголемување од **15.502.731,00 денари** со измените и дополнувањата на буџетот за 2019 година.

Во колоната Донации планираните средства за Реконструкција на улици и патишта во с. Лавци се намалуваат заради завршување на проектот од **1.201.464,00 денари на 1.182.038,00 денари,**исто така планираните средства од Грантот за успешно реализирање на проектот за изградба и реконструкција во АРМ четврт 1 и 2 од **5.000.000,00 денари се определени со договорот на 4.411.933,00 денари.**

Во колоната Кредити средствата наменети за проектот за инфраструктура во АРМ четврт 1 и 2 бидејќи е завршен проектот се намалуваат повеќе планираните средства за износ од **31.545.442,00 денари**.

### *ЈФ- ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА*

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со поставување и заменување на сообраќајните знаци и заштитна опрема на локалните патишта и улици, односно подигање на вертикална и хоризонтална сигнализација.

Во програмата се зголемуваат средствата за **2.000.000,00 денари** .

***ЈГ- ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ***

Програма со која се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба, реконструкција и доградба на водоснабдителниот систем на територијата на општината и набавка на потребната опрема, подготвување на проекти за капацитети за водоснабдување се зголемува за **2.663.211,00 денари.**
Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **10.163.455,00 денари.**

Во колоната Донации планираните средства за Изградба на капацитети за водоснабување во с. Лавци во износ од **4.932.395,00 денари** се намалуваат заради завршување на проектот на **4.910.934,00 денари**.

***ЈИ- ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба, реконструкција и доградба на канализациониот систем (атмосферска и фекална канализација) на територијата на општината и набавка на потребната опрема,подготвување на проекти и др.
Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **29.574.416,00 денари** со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2019 година.

***ЈЛ- ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи за други комунални услуги како што е изградба и реконструкција на други објекти и подготвување на проекти за други објекти.
Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **50.495.705,00 денари** во овие средства се испланирани средствата во висина од **3.800.000,00 денари** за реконструкција и адаптација на 38 дуќани во битолската чаршија.Со измените и дополнувањата на буџетот на општина Битола средствата во оваа програма се зголемуваат за **24.206.621,00 денари** обезбедени од страна на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и рурален развој. Зголемувањето се однесува на реализација на проектите: Уредување на излетничко место с. Лопатица, Изградба на настрешници во функција на објект во пазарот, како и реконструкции предвидени во училиштата во општина Битола.

***КЗ-МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ***

Буџетскиот корисник од програмата КЗ- Зоолошката градина планираните средства од Самофинансирачки активности ги предлага со измените во буџетот на Општина Битола за 2019 година да останат на исто ниво од **2.500.000,00 денари**, додека планираните средства од блок дотации од Министерството за Култура во износ од **9.967.330,00 денари** се менуваат и гласат **10.677.136,00 денари**. Зголемувањето изнесува 709.806,00 денари, средства кои Зоолошката градина ги доби како дополнителни средства во блок дотацијата од Министерството за Култура.
Во колоната Буџет средствата во висина од **120.000,00 денари** како подршка за зоолошката градина останууваат на исто ниво.

***К4-КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО***

Програмата за реализација на културните настани со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2019 година останува на исто ниво од **8.000.000,00 денари**.

***КА0-КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО( КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ***

Во колоната Буџет во оваа програма се планираат средства во висина од **8.637.607,00 денари** обезбедени од страна на Министерството за култура за реализација на проектот за внатрешено уредување на Кино Манаки.

Во колната Донации во оваа програма каде е планиран проектот Кино култура и учеството на општината во реконструкцијата на Офицерски дом износот останува на исто ниво **18.027.356,00 денари.**

***ЛОО-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА***

Со измените и дополнувањата на Буџетот на општина Битола оваа програма се зголемува за 2.000.000,00 денари и ќе се финансира со износ од **32.000.000,00 денари**.

***В1-ДЕТСКИ ГРАДИНКИ***

Детските градинки се корисници на блок дотација од Министерство за Труд и социјална политика со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2019 година се предлага износот да се менува и гласи **93.957.928,00 денари**.Дополнителните средства се од пренесениот вишок на приходи од минатата година и од зголемување на дотацијата од соодветното Министерство за 600.000,00 денари.

Планираните средства од Самофинансирачки активности кои изнесуваат **55.386.000,00 денари**. останууваат на исто ниво.

Во колона Донации предвидените средствата во висина од **375.000,00 денари,** се зголемуваат и сега ќе гласат **525.000,00 денари.**

***В2-ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА***

Кај Домот за стари лица планираните активности во сметката за Самофинансирачки активности се зголемуваат за **1.000.000,00 денари**.

Блок дотацијата која ја добива од Министерство за труд и социјална политика останува на исто ниво и гласи **18.183.640,00 денари.**

***Н10-Н20 ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Во програмата Н10-Основно образование со ребалансот на Буџетот се предлага износот на планираните расходи во сметката за Самофинансирачки активности **од 8.446.200,00 денари да се менува и гласи 8.531.200,00 денари.**

Износот на блок -дотацијата во програмата Н10-Основно образование останува ист **и гласи 368.324.738,00 денари.**

Во колната Донации се предлага зголемување на средствата од **3.317.516,00 денари на** поради добивање на одредени донации каде аплицирале основните училишта.

Со предвидените средства во Донации ќе се реализираат средства од програмата Еразмус плус, Фондот за иновации и технолошки развој, проектот Бастион во соработка со МОН и др.

Во колната Буџет планираните средства за подршка на основните училишта се зголемуваат за **22.037.869,00 денари**.

Во програмата Н20-Средно образование со ребалансот на Буџетот се предлага износот на планираните расходи во сметката за Самофинансирачки активности **од 19.419.000,00 денари да се менува и гласи 17.867.500,00 денари.**

Се зголемува и износот на блок -дотацијата во програмата Н20-Средно образование и тоа од предвидените **238.255.111,00 денари да се менува и гласи 239.855.111,00 денари.**

Зголемувањето во износ од 1.600.000,00 денари се однесува на средства добиени дополнително во блок дотацијата од страна на Министерството за образование и наука .

**Во колната Донации** предвидените средства од **33.423.549,00 денари, се зголемуваат на 34.145.551,00 денари,** за доплнително добиени донации на средните училишта.

Со предвидените средства во Донации ќе се реализираат средства од програмата Еразмус плус, Фондот за иновации и технолошки развој, проектот Бастион во соработка со МОН и др.

***Ј60-ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА***

За финансирање на активностите на противпожарната единица во Битола во рамките на оваа програма се планираат средства за функционирање од Буџетот на општината Битола и наменската дотација од Министерството за одбрана.

Средствата од Буџетот на Општина Битола во износ од **3.812.960,00 денари** се менуваат и се предлага да гласат **4.412.960,00 денари.**

Средствата од наменска дотација од Министерство за Одбрана во износ од **13.368.000,00 денари,** наменети исклучиво за плати на вработените во ТППЕ- Битола, се предлага да останат на исто ниво.

***Р10-ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА***

Во буџетот на Општина Битола со измените и дополнувањата во оваа програма средствата во висина од **3.000.000,00 денари**, се зголемуваат на **5.500.000,00 денари** . Наменети се за субвенционирање на активности од Заштитата на животната средина.

***РА-ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)***

Во буџетот на општина Битола се планираат расходи поврзани со превземањето на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина кои не се во исклучива надлежност на други државни органи. Средствата во оваа програма остануваат на исто ниво во висина од **14.359.462,00 денари**.

Донацијата за проектот Зелена мобилност исто така останува на исто ниво во висина од **6.933.770,00 денари.**

***Х1-РОДОВА ЕДНАКВОСТ***

Во буџетот на Општина Битола се планираат средства за реализација на активности за унапредување на положбата на мажите и жените во Општина Битола во соработка со Комисијата за еднакви можности и Граѓанските здруженија од Општина Битола кои со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2019 година остануваат на исто ниво.

# ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

Планот на програмите за развој со Измените и дополнувањата на буџетот на Општина Битола се менува.Планираните средства за реализација на проектот КАВ- „Ревитализација на поранешен Офицерски дом“ за 2019 година, во износ од 13.421.027,00 денари се префрлуваат во наредна година, заради динамиката на реализација на проектот. Планираните средства во LAA програмата за Спорт и рекреација за "Реконструкција на фудбалски стадион под Тумбе -кафе" за 2019 година во износ од 84.010.000,00 година, се намалуваат на 60.059.717,00 денари, заради димамиката на реализација,и планираните средства за Реконструкција на улица Илинденска се намалуваат за 10.477.982,00 заради подоцнежна реализација на проектот.

| | | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|---|
| **ДАА** | Капитални расходи за месна самоуправа (изградба на други објекти) | 1.267.320,00 | **1.267.320,00** |
| **JDI** | Реконструкција на улица Илинденска | 18.000.000,00 | **7.522.018,00** |
| **КАВ** | Ревитализација на Офицерски дом | 13.421.027,00 | |
| **LAA** | Реконструкција на фудбалски стадион под Тумбе кафе | 84.010.000,00 | **60.059.717,00** |
| **GDA** | Гасификација на Општина Битола | 7.945.800,00 | **7.945.800,00** |

***Изработил***
***Сектор за финансиски прашања***